# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАСИШТАТА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.101 од 04.12.2000 година**

### Член 1

Во Законот за пасиштата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/98), во членот 3 став 1 точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "и земјиште што се наоѓа во близина на населено место и служи претежно за изгон, одмор и делумно пасење на добиток".

### Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

"Јавното претпријатие за пасишта ги дава пасиштата на користење на правни и физички лица (во натамошниот текст: корисници на пасишта), освен пасиштата што се наоѓаат во непосредна близина на селско населено место, по пат на јавен оглас во зависност од капацитетот на пасиштата.

При еднакви услови, предност во добивањето на пасиштето на користење има дотогашниот корисник, односно граѓаните кои живеат во тие населени места.

Пасиштата што се наоѓаат во непосредна близина на селско населено место ќе се користат од одгледувачите на добиток кои живеат во тие селски населени места.

Јавното претпријатие за пасишта утврдува услови за начинот на управувањето, користењето и распределбата на пасиштата од став 3 на овој член, според порационалното и пооптималното користење, катастарската евиденција и потребите на одгледувачите на добиток.

Јавното претпријатие за пасишта користењето на пасиштата од став 3 на овој член, може да го пренесе на облиците на организирање на локалната самоуправа на корисниците, односно граѓаните кои живеат во населените места од став 1 на овој член."

### Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".